Решението е правосилно
на ден 09.12.2015 год.
Датум на заверка 06.05.2016 год.
Овластено лице,

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
Бр. 67-7386 од 15.05.2014 година
СКОПЈЕ

Министерството за транспорт и врски постапувајќи по Известување на Комората на проценувачи на Република Македонија број 423/14 од 04.03.2014 година за неплатена членарина за 2013 година на правното лице Друштво за книговодство, трговија и услуги ФАКТ НОВУС ДООЕЛ Гостивар , врз основа на член 29 став 2, а во врска со член 29 став 1 алинеа 5 од Законот за процена (Службен весник на Република Македонија бр.115/10, 158/11, 185/11 и 64/12) го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ
### за одземање на лиценца

1. **СЕ ОДЗЕМА** Лиценцата за процена од областа на недвижен имот бр. **0070-Н** од 11.02.2013 година издадена на правното лице **Друштво за книговодство, трговија и услуги ФАКТ НОВУС ДООЕЛ Гостивар** со ЕМБС 8554423, со седиште на ул. Живко Брајковски бр. 69 Гостивар.
2.Овластениот проценувач на кој му е одземена Лиценцата од соодветната област не може да побара издавање на нова Лиценца за проценувач од соодветната област три години од денот на одземање на Лиценцата.
3.Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Комората на проценувачи до Министерството за транспорт и врски достави Известување број 423/14 од 04.03.2014 година за носители на лиценци кои немаат платено членарина во Комората на проценувачи за 2013 година со приложен табеларен преглед на правните лица кои немаат платено членарина. Министерството за транспорт и врски достави допис до Комората на проценувачи бр.67-4768/2 од 12.03.2014 за уредување на барањето, по што Комората на проценувачи достави одговор бр.486/14 од 08.04.2014 година со приложена Листа на субјекти за кои се бара одземање на лиценца по основ на неплатена членарина за 2013 година, со потпис и печат од Комората на проценувачи.

По прегледот на приложената документација и Регистарот на овластени проценувачи кој го води овој орган, утврдено е дека во Листата субјекти за кои се бара одземање на лиценца е овластениот проценувач Друштво за книговодство, трговија и услуги ФАКТ НОВУС ДООЕЛ Гостивар, на кој Министерството за транспорт и врски му има издадено лиценца за процена од областа на недвижен имот бр.0070-Н од 11.02.2013 година.

Во членот 29 во став 1 алинеа 5 е уредено дека Лиценаца се одзема ако уредно не ја плаќа членарината на Комората на проценувачи, во ставот 2 од истиот член е уредено дека Лиценцата со решение ја одзема надлежниот министер и во ставот 6 од истиот член е уредено дека по овој основ лиценцата се одзема во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањето од Комората на проценувачи.

Согласно член 29 став 10 овластениот проценувач на кого му е одземена Лиценцата од соодветната област согласно со став 1 алинеа 5, на овој член не може да побара издавање на нова Лиценца за проценувач од соодветната област три години од денот на одземањето на лиценцата.

Имајќи го предвид горенаведеното се донесе Решение како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА : Против ова Решение незадоволната странка има право на тужба до Управен суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

МИНИСТЕР,
Миле Јанакиески

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
СКОПЈЕ

Изготвил:А.Микевски
Одобрил: С. Ф.Павлеска